FOREVER
MACEDONIA
Септември 2015 | Број 167

# ПОВТОРНО НА УЧИЛИШТЕ



# Први чекори до Менаџер

## Работна книга која ќе го структурира вашиот бизнис

Во последните месеци ве запознавме со алатките за спонзорирање на нови сопственици на Форевер бизнис во вашите тимови, наречени **Првите 90 дена.** Досега ги подготвивме за вас четирите елементи од системот во видео и PowerPoint формат – краткиот филм „Одлука“, презентацијата „Претставување на можностите“ (озвучен филм), филмот „Почеток“ и „Маркетинг план“ (озвучен филм). Сега го дополнуваме системот со еден важен печатен материјал – работната книга **Први чекори до Менаџер!**

Ова одлично структурирано помагало е создадено од водечките сопственици на Форевер бизнис од Велика Британија и веќе се користи таму и во други држави со огромен успех. Зашеметувачкиот раст на Форевер во Обединетото кралство до голем степен се должи токму на правилното користење на **Први чекори до Менаџер** од англиските сопственици на Форевер бизнис. Сега е ваш ред!




## Лесен систем

Со помош на работната книга секој, без оглед на образованието, може лесно да биде обучен правилно да го развива бизнисот и потоа брзо да започне да им го предава наученото на своите нови партнери.

## Едноставно завртете ја страницата

Без оглед дали сте во бизнисот од вчера, или пак години наназад, со Први чекори до Менаџер ќе можете вешто да ги реализирате средбите за планирање со новите соработници, бидејќи е прилично едноставно да завртите на следната страница, за да разберете како да продолжите. Содржината на книгата е подредена во точната последователност.

## Растот е резултат од систем и не зависи од талент

Системот е разработен од најдобрите и е докажан со времето. Може да биде пренесуван од поколение на поколение, без значење дали лидерот има талент, или не. При правилна работа со книгата, растот кон кој секој се стреми, е возможен.

## Лесно копирање

За водечките и искусни сопственици на Форевер бизнис е лесно да реализираат средби за планирање, но многу е важно и новиот човек тоа успешно да го прави. Со работната книга Први чекори до Менаџер ќе им помагате на новите членови од вашиот тим да тргнат по вистинскиот пат и да почнат правилно да работат уште во првите месеци во Форевер.

## Превентивни прегледи на бизнисот

Први чекори до Менаџер е резултатно ориентирана работна книга. Ако по неколку месеци не ги гледате очекуваните резултати, значи нешто пропуштате. Направете превентивен преглед на работата – вратете се на почетокот на книгата и проверете дали го исполнувате секој опишан чекор. Штом забележите што сте пропуштиле, веднаш започнете да го правите. Бизнисот со Форевер е многу едноставен и кога човек ќе започне да ги одбегнува активностите кои не му се по вкус, нема со што да ги замени и тоа неизбежно се гледа во резултатите.

## Правете го и вие истото на кое што ги учите другите

Дури и Менаџерите треба да продолжат да работат со Први чекори и да ја пополнуваат книгата. Важно е да не престанувате да ги извршувате активностите од бизнис циклусот на Форевер, за да можете успешно да го учите својот тим да го прави истото. Растот на бизнисот зависи од тоа дали успешно се копирате себе, што станува најлесно кога постигнувате успеси. Први чекори до Менаџер можете да го набавите уште денес, а видео материјалите од Првите 90 дена ќе ги најдете на YouTube каналот на Форевер Македонија, исто и во делот за СФБ на www.flp.bg, како и на фан страната и профилот на Форевер Ливинг Продактс Македонија на Facebook.



# Да одиш по својот пат

## „Два пата во дрво разделени видов и неразгазениот јас го избрав...“

Можеби сте ја читале песната на Роберт Фрост „Патот по кој не тргнав“. Веројатно многумина од вас ќе се согласат дека Форевер не е секогаш најлесниот пат – по него може да сретнеме пречки и сомнежи, а понекогаш и да се чувствуваме беспомошни. Но, има причина зошто милиони луѓе станале сопственици на Форевер бизнис, иако има и „полесни“ патишта.

Кога пред многу години напуштив одлична и стабилна позиција во корпорацијата Del Webb, воден од огромната желба да им помагам на луѓето и да го споделам алоето со целиот свет, сигурно не беше тоа очекуваниот пат напред. Но, ако тој пат навистина не е лесен, зошто толку многу луѓе како мене избираат да тргнат по него? Зошто успеваме да растеме и да го развиваме бизнисот низ целата планета? Бидејќи исто како кога ќе тргнеме по панорамски пат кој туристите го одбегнуваат или кога ќе се искачиме по заборавена планинска патека, глетката вреди за вложениот напор.

На почетокот на годината ви ги претставивме нашите вредности – квалитети кои знаеме дека и вие – нашите сопственици на Форевер бизнис, ги поседувате. Вие имате авантуристички дух, смели сте и инвентивни. Но најважното е тоа што вие секогаш го изодувате целиот пат – колку и да е тежок, стрмен, каменест и посеан со трње и пречки. Токму затоа сте спремни да го правите она што другите не можат или не сакаат. Затоа и живеете така, како што другите само си мечтаат.

Не знам што го инспирирало Роберт Фрост да ја напише „Патот по кој не тргнав“. Знам само дека творбата одлично покажува колку висока вредност имаат напорната работа и упорноста. Иако лесниот пат може да е примамлив и да нѝ се допаѓа идејата да минуваме по пократкиот пат, ако му се предадеме на искушението, само ќе си пречиме да го реализираме полниот потенцијал. Одете по неразгазени патеки, отворајте си сами пат секогаш кога имате можност. Како што Роберт Фрост кажал: „...и избрав неразгазен пат, а тоа промени сѐ друго.“

Засекогаш Ваш,

**Rex Maughan**
Извршен директор на ФЛП



# Првите 90 дена

**Докажано е дека првите 90 дена се одлучувачки за ново спонзорираните соработници. Успешниот старт во мрежниот маркетинг е особено важен за долгорочно задржување на нивниот интерес за бизнисот и за растењето во маркетинг планот.**

Првиот чекор за секого е неговата прва порачка на производи, но според статистиката всушност клучните моменти во првите три месеци во бизнисот се кога новиот соработник ја прави својата втора порачка и кога го спонзорира првиот член во неговата екипа.

Ако вашата цел е бизнисот постојано да расте и да ви ги носи доходите за кои сонувате, сигурно би сакале во вашиот тим да гори оганот на ентузијазам и да го движи бизнисот напред. За да запалите оган во природа, ви требаат кислород, искра и гориво. Кога го распалувате оганот кај соработниците, улогата на кислород ја имаат стремежите на вашиот партнер – неговата лична причина „зошто“ е во Форевер. Вашата улога како спонзор не е да ја создадете таа причина, туку да му помогнете да ја открие. Инспирацијата е искрата од која се раѓа пламенот – споделувајте го личното искуство, за да видат луѓето дека е остварливо и да им ја потврдите увереноста дека и тие можат да постигнат успех. За одржување на огнот е потребно гориво, а во нашиот бизнис-тоа е информацијата. Но не сите можни, туку вистинската информација, пренесена на вистинскиот начин и во вистинскиот момент.

Форевер започна да разработува алатки со чија помош ќе го распламтите и својот бизнис. Повеќето од нив веќе ги имате и на македонски јазик. Запознајте ги, користете ги!



## 1. Одлука

Краток филм, кој ја следи логиката на работа на најуспешните лидери во Форевер. Тие ги споделуваат оние страни од животот, кон кои другите се стремат. Без разлика дали пишуваат: „Видете ја мојата нова кола!“, „Не можам да поверувам дека сум во Сингапур!“, или „Уште еден раскошен одмор со семејството, го обожавам животот!“, најдобрите сопственици на Форевер бизнис одлично знаат како да ги користат социјалните мрежи, за да ги привлечат оние кои се стремат кон нешто повеќе. Замислата на филмот „Одлука“ е да го долови точно тоа.




## 2. Претставување на можностите

Целта му е да покаже како Форевер може да ги оствари стремежите на вашиот нов соработник и да го исполни со инспирација и доверба. Ви нудиме два формата – PowerPoint презентација и видео филм. Ефектот е значително поголем, ако лично вие го правите претставувањето со помош на слајдовите. Дополнете ги со свои снимки од наградувања и патувања со Форевер за уште подобри резултати.



## 3. Почетокот

Целта му е да покаже како Форевер може да ги оствари стремежите на вашиот нов соработник и да го исполни со инспирација и доверба. Ви нудиме два формата – PowerPoint презентација и видео филм. Ефектот е значително поголем, ако лично вие го правите претставувањето со помош на слајдовите. Дополнете ги со свои снимки од наградувања и патувања со Форевер за уште подобри резултати.



## 4. Први чекори до Менаџер

Работна книга, која го структурира бизнисот, создадена од водечки сопственици на Форевер бизнис од Велика Британија. Предлага лесен систем за работа, кој секој може да го усвои, применува и пренесува на соработниците. Содржината е подредена во оптимална последователност и затоа растењето во бизнисот е резултат од јасниот и лесен за копирање систем, а не од лични способности.



## 5. Маркетинг план

Засега последниот дел од „Првите 90 дена“ е претставување, чија цел е да им помогне на ново регистрираните да ги разберат основите на компензациониот план на Форевер. Презентацијата го објаснува планот од Новус клиент, преку следните нивоа и активноста со 4 б., за да го покаже патот до Менаџер и нагоре.

Видео материјалите од „Првите 90 дена„ ќе ги најдете на YouTube каналот на следниот линк: PLqNZr4gclm5WmuMzIb5HJgT_4Ml-NOsFx

FOREVER

**„Ако сакате нешто што никогаш досега не сте го имале, треба да направите нешто што никогаш досега не сте го правеле.“**

**Томас Џеферсон**



Почитувани СОПСТВЕНИЦИ НА ФОРЕВЕР БИЗНИС,

Сигурни сме дека сте ја слушнале реченицата на Томас Џеферсон или друга со истото значење. Сепак решивме да ве потсетиме, бидејќи за нас таа во голема мерка ја опишува основната филозофија и наједноставната тајна на промената и успехот.

Секој кој сака да го промени животот во било каква насока, треба да е свесен дека тоа може да го постигне единствено ако на некој начин ги промени секојдневните активности и навики. Не еднократно, туку во секоја фаза од својот динамичен живот, на човекот му е потребно да ги остави старите навики и да ги замени со нови активности кои се тесно поврзани со усвојување на нови знаења, вештини и навики.

Потполно истите правила важат и во бизнисот со Форевер. Ако сакате да уживате во импресивниот квалитет на производите и да заработувате од тоа, потребно е секојдневно да ги користите омилените додатоци во исхраната и козметички средства, редовно да додавате нови и да си изградите навика со ентузијазам да ги споделувате впечатоците од нивната употреба со секој околу вас, за да создадете круг од редовни клиенти. Можеби никогаш досега тоа не сте го правеле, но тоа може да ви донесе работи кои веројатно никогаш досега не сте ги имале – стабилно здравје, виталност и дополнителни финансиски средства.

Ако пак поодамна го применувате ова со успех, но мечтаете Форевер бизнисот да ви носи поголеми доходи, значи дојдено е време да додадете нешто различно во списокот со секојдневни активности – нешто што веројатно никогаш досега не сте го правеле или сте го правеле погрешно и без подготовка. Примери за такви активности се: составување на список со имиња, испраќање на покани за средби, соодветно користење на алатките за спонзорирање обезбедени од компанијата (филмови, презентации, печатени материјали, онлајн обуки), како и добро планирање на тие активности, за да бидат доволно често застапени во дневниот, седмичниот и месечниот план.

Ако започнете да ги правите работите кои никогаш досега не сте ги правеле, ќе видите како одеднаш ќе се појават и резултати какви никогаш досега не сте имале – сопствена мрежа од корисници и сопственици на Форевер бизнис, која ќе ви обезбеди стабилни и растечки доходи.

А ако веќе го правите сето тоа и сте пример на ниво Супервизор во Маркетинг планот на Форевер, но сакате да продолжите да растете, значи одново се стремите кон нешто кое никогаш не сте го имале, вие мора да започнете со активности кои никогаш досега не сте ги правеле. За да станете Менаџер, Менаџер „Сафир“ или Менаџер „Дијамант“, треба во секојдневието да вклучите активности кои досега не биле дел од него, како: селектирање и секојдневна работа со спонзорираните од вас СФБ со помош на работната книга „Први чекори до Менаџер“, усвојување на лидерски вештини, спроведување на самостојни презентации и обуки, значително зголемување на бројот на луѓето со кои се среќавате, на бројот на презентациите и обуките кои вие ги правите, како и на времето и ресурсите кои ги одделувате за развој на сопствениот Форевер бизнис. Наброивме работи кои никогаш досега не сте ги правеле, но тие сигурно ќе ви обезбедат бенефиции кои досега не сте ги имале – финансиска независност, слобода да го управувате времето, незаборавни патувања платени од компанијата, нов автомобил, признание и не на последно место – нов, подобар и посреќен живот.

Затоа ако во вашиот живот и во бизнисот со Форевер одамна ништо не се променило, пораката е една – време е да ги замените активностите кои само ви го трошат времето со нови вештини, активности и навики кои досега не биле дел од вашето секојдневие. Само така ќе ги добиете работите кои никогаш досега не сте ги имале! Бидете сигурни дека нема пократок пат!

Засекогаш Ваши и... насмевнати ☺,

FOREVER

**Стефан и Тања Стаеви**

# Здравствени совети за учебната година

Кога ќе дојде време децата повторно да тргнат на училиште, храната е една од нашите најголеми грижи. По долгите летни денови, во кои сме внимавале што јадат и сме се труделе да внесуваат  овошје и зеленчук,  на почетокот на учебната година почнуваме да се грижиме што ќе ручаат  и земат за ужина на одморот во училиште. Како да сме сигурни дека внесуваат оптимални количини од хранливите материи кои се клучни за нивното здравје и развој? Освен тоа, училиштето оди рака под рака со многу вон училишни активности, пишување на домашни задачи и други активности, кои одземаат голем дел од нашето време. Станува потешко да планираме и припремаме здрава храна, а и нашата сопствена енергија побрзо се исцрпува.



# Ви предлагаме пет брзи совети како оптимално да го користите ограниченото време.



## 1 Започнете го денот со хранлив појадок

Според истражувањата, децата кои редовно внесуваат балансирана храна наутро, имаат повисоки резултати во училиште и подобро поведение во споредба со оние кои го пропуштаат појадокот. Појадокот може да вклучува јајца, тост со полнозрнест леб, овесни снегулки со овошје, протеинско смути со овошје и јогурт.
Ако вашите деца сакаат житни закуски, избирајте им такви кои содржат најмалку 3 грама фибри и помалку од 6 грама шеќер во една порција. Читајте ги внимателно декларациите и купувајте го најдоброто. Во моментот на пазарот има избор од житните закуски со зголемена содржина на протеини и фибри, така да нема да имате проблем.

## 2 Планирајте ги оброците и однапред подгответе се

Распределете го зеленчукот и јатките на порции во одделни кеси, за да ги олесните утрешните подготовки за денот. Ако имате доволно простор дома, можете и претходно да си подготвувате овошје и шишиња со вода за секој ден. Наредете ги на удобно место и едоставно земајте ги во движење, наместо во паника да се чудите што сте заборавиле.

## 3 Избегнувајте спакувана, преработена храна

Таа нема речиси никаква хранлива вредност, туку може само да го забави организмот со големи количества шеќер, масти и сол. Обидете се секој оброк да вклучува протеини, зеленчук и овошје, и настојувајте тие да се колку е можно посвежи.

## 4 Забавувајте се со закуските

Направете оброците после училиште да бидат забавни мигови за растеретување од напорниот ден. Понудете им вашите деца различно овошје и зеленчук, смути или полнозрнести крекери и сирење, додека си разговарате со нив како им минал денот и пред да започнат да ги пишуваат домашните задачи. Исечете го овошјето и зеленчукот во забавни форми и трудете се ова да стане секојдневна рутина на децата после училиште.

## 5 Додадете балансиран мултивитамински и мултиминерален производ

За да сте спокојни, осигурајте сѐ дека вашите деца ги добиваат сите потребни хранливи компоненти за оптимално здравје и раст. Но не пропуштајте сѐ и самите – поддржете ја и својата виталност со соодветен додаток во исхраната!

И на крај – давајте добар личен пример! Тешко е да го убедиш детето да посветува внимание дали тоа што го јаде има висока хранлива вредност, ако ти самиот тоа не го правиш. А тоа го вклучува и внесувањето на секојдневниот додаток на исхрана со витамини и минерали.

Научниците во Форевер знаат колку е тешко да се храниме оптимално и здраво во оптеретеното секојдневие. Затоа создадоа револуционерни, балансирани формули и за деца, и за возрасни. Со нивна помош можеме да бидеме сигурни дека целото семејство ги добива препорачаните дневни дози витамини и минерали.




**Форевер дејли** | 439
**Форевер кидс** | 354

**Форевер кидс** се мултивитамини без вештачки бои или конзерванси. Фитонутриентите се извлечени од корисна храна, како моркови, цвекло, брокули, спанаќ, сини и црвени боровинки, јаболки, домати, и јагоди. Содржат и патентирани хелатни минерали, кои ги нудат елементите во нивната најбезбедна и лесно апсорбирачка форма. Природната арома на грозје ќе ви се допадне и на вас и на децата.

**Форевер дејли** е револуционерен додаток кој обезбедува оптимални количини важни природни фитонутриенти, биофлавоноиди, витамини и минерали, во комбинација со патентирана мешавина од овошје и зеленчук. Уникатната формула е создадена за да го потхранува и заштити организмот, со тоа што го надополнува недостатокот во секојдневната исхрана и обезбедува оптимално здравје и виталност.

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА АВГУСТ 2015 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОР



1. Пецова Славица - Неготино

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ



1. Баќева Биљана – Скопје
2. Дилимановска Ирена – Гевгелија
3. Камчев Оливер – Неготино
4. Колева Јулија – Радовиш
5. Костевска Костадинка – Скопје
6. Макенаџиева Биљана – Струмица
7. Манова Даниела – Штип
8. Митевска Савица – Куманово
9. Николова Ленче – Штип
10. Ончева Мелина – Велес
11. Пајантова Роза – Берово
12. Пановска Марина – Куманово
13. Сарева Анастасија – Штип
14. Шиповиќ Силвана – Куманово
15. Стаматоска Елена – Скопје
16. Стефаноска Катерина – Скопје
17. Стефановска Сара – Штип
18. Стоилова Цветанка – Штип
19. Таневска Драгана – Гостивар
20. Трајаноска Оливера – Гостивар
21. Трајчевска Милена – Битола
22. Варадинова Ивановска Емилија – Куманово

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Славица Донакова
2. Др.Роза Гелевска
3. Слафко Михајловски
4. Блага Крстеска
5. Катерина Трајчевска
6. Др.Снежана Контра
7. Вера Златковска
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Младен Димовски
10. Анастасија Сарева

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Дончо Ѓорѓиев
3. Славица Донакова
4. Вера Златковска
5. Анастасија Сарева
6. Стевица Димовска
7. Младен Димовски
8. Виолета Степаноска
9. Билјана Макенаџиева
10. Цонка Димитрова




**Први чекори до Менаџер**
цена 100 денари

**Претставување на бизнис можноста**
цена 80 денари




**Ве покануваме на Претставување на бизнис можноста на Форевер Ливинг на 24 септември во 19 часот во Хотел Порта во Скопје.**

Честитки за квалификуваните сопственици на Форевер бизнис на промоцијата Летен предизвик
**(1 јуни – 31 август 2015 г.)**

**Прво ниво (таблет)**
Снежана Волчева
Јулијана Крстевска Петрушевска
Владимир Новковски

**Второ ниво (мобилен телефон)**
Виолета Степаноска
Стевица Димовска

**Трето ниво (лаптоп)**
Др.Снежана Контра
Дончо Ѓорѓиев

**Четврто ниво (лаптоп + мобилен телефон)**
Др.Роза Гелевска







**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 36, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.